15.06.2021

ГЖ-205/21

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП во совет составен од судиите: Сузана Здравева- претседател, Кирче Донев и Мирјанка Гоцевска Стефановска членови, решавајќи по тужбата на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, против тужените Винарска Визба „ИМАКО ВИНО" ДООЕЛ од Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги „Имако" ДОО увоз-извоз Штип, за долг, вредност 1.915.458 евра, а по жалбата на тужените, против пресудата на Основен суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година, на седницата одржана на ден 03.06.2021 година, ја донесе следната:

П Р Е С У Д А

Жалбата на тужените , - СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата на Основен суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година, - СЕ ПОТВРДУВА.

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените на име трошоци на постапката на тужителот да му платат износ од 271.875,оо денари, во рок од 15 дена од приемот на преусдата, а за разликата до бараните 327.000,оо денари барањето на тужителот - СЕ ОДБИВА .

СЕ ЗАДОЛЖУВААТ тужените на тужителот на име дополнителни трошоци за одговор на жалба да му платат износ од 40.146,оо денари, во рок од 15 дена по приемот на оваа пресуда.

О б р а з л о ж е н и е

Основен суд Штип со пресуда П4.78/15 од 18.01.2016 година,тужбеното барање на тужителот, го усвоил.

Ги задолжил тужените на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата според среден курс на Централно европска Банка на денот на исплатата сметано од 27.07.2005 година до 31.01.2010 година од 01.02.2010 година до денот на исплатата казнена камата во висина на едномесечната степка на Еурибор за евра, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 268.080,00 ден., сето тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Барањето на тужителот за трошоци во постапката и тоа за разлика од досудените 268.080,00 денари до бараните 492.120,00 ден., го одбил.

Од ваквата пресуда останале незадоволни тужените, кои во благовремен рок поднел жалба поради суштествена повреда на одредбите на парничната постапка, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Предлагаат жалбата да се уважи, пресудата преиначи на начин што ке го одбие тужбеното барање на тужителот во целост како неосновано и ке го задолжи да им ги надомети на тужените трошоците на постапката според доставениот трошковник, зголемени за награда на состав на жалба и судска такса за жалба.

Тужителот преку полномошникот поднел одговор на жалба со кој ги побива жалбените наводи на жалителот. Предлага жалбата да се одбие како неоснована, а пресудата потврди. Бара трошоци за одговор на жалба.

Апелациониот суд во Штип, ја разгледа жалбата, одговорот на жалба, списите кон предметот, ја испита побиваната пресуда во смисол на чл.354 од ЗПП, па најде:

Жалбата е неоснована.

Неосновани се жалбените наводи за тоа дека првостепениот суд при донесувањето на побиваната одлука сторил суштествена повреда од чл.343 ст.2 т.14 од ЗПП која според жалителот се состои во тоа што пресудата има недостатоци поради кои не може да се испита, изреката на пресудата е противречна сама на себе и на причините на пресудата, а во однос на решителните факти пресудата не содржи причини.

По наоѓање на овој суд, изреката на пресудата е јасна, разбирлива не противречи сама на себе, ниту на причините на пресудата, не постои противречност помеѓу причините на пресудата и доказите изведени во текот на постапката, поради што истата е подобна за испитување.

Неосновани се жалбените наводи за тоа дека првостепениот суд не ја применил одредбата од чл. 366 ст.1. од ЗПП, односно дека не постапил по укажувањата на Апелациониот суд Штип, дадени во решението ГЖ.бр. 535/15 од 13.10.2015 година. Првостепениот суд ги презел дејствијата на кои што овој суд му укажал во наведеното решение но одлуката за тужбеното барање ја донел по сопствено убедување и врз основа на доказите кои што првостепениот суд сметал дека се од влијание за одлучување во предметот.

Жалбените наводи по однос на тоа дека извештајот за констатирана состојба не е вештачење и дека истиот не може да се користи како вештачење во предметот беа предмет на оценка на овој суд но истите не се прифатени од причини што извештајот за констатирана состојба е изготвен во постапка за обезбедување на докази по барање на сега тужителот и врз основа на решение донесено од првостепениот суд. Извештајот е изготвен од стручни лица врз основа на непосреден увид во документацијата на тужениот, па бидејки тој извештај е изготвен по налог на судот во постапка за обезбедување на докази и од вештаци - стручни лица кои што судот ги олределил, тој извештај може да послужи за утврдување на фактичката состојба во овој предмет.

Жалбените наводи по однос на потврдите од фирми од Бугарија и Италија кој што тужителот ги доставил како доказ за тоа дека тој вршел уплати за потреби на тужените односно за набавка на опрема за дејноста со која се занимаваат тужените беа предмет на оценка на овој суд но и овие жалбени наводи не се прифатени од причини што овие докази потврдуваат дека тужителот за тужените вршел уплата за набавка на опрема а дека тие се вистинити односно можат да послужат како доказ во овој предмет произлегува и од исказот на тужителот даден во текот на постапката како и од извештајот за констатирана состојба изготвен во постапка за обезбедување на докази.

Жалбените наводи по однос на околноста што првостепениот суд како доказ извел неправосилна кривична пресуда беа предмет на оценка на овој суд но за истите овој суд најде дека не се од влијание за одлучување бидејки и кривичната пресуда К.бр. 429/15 која што првостепениот суд ја извел како доказ нема влијание на одлуката во овој предмет.

Жалбените наводи по однос на тоа дека не е јасно што претставува предмет на спорот, дали надомест на штета, или долг овој суд ги оцени како неосновани од причини што првостепениот суд во пресудата јасно навел дека се работи за надомест на штета и ги примени одредбите од ЗОО, кои што ја регулираат штетата и нејзиниот надомест.

Во оваа смисла првостепениот суд во својата пресуда навел дека

правниот однос помеѓу странките произлегува од договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен во 2004 година помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски кој што во тој договор настапил како сопственик на имот - капитал кој што е вложен во сега тужените. Од тој договор произлегуваат обврски од двете страни од договорот, тужителот ги исполнил своите обврски со тоа што од фирми во Бугарија и Италија набавил опрема за потребите на тужените што значи тој согласно договорот за деловно техничка и финансиска соработка склучен во 2004 година инвестирал - вложувал во имот на тужените.

Жалбените наводи по однос на тоа дека во пресудата не било наведено како судот утврдил дека тужителот наводно ги исполнил своите обврски од договорот и вложил како основен влог кај тужените износ од 1.915.458 евра, и дека од договорот не произлегувало колку точно тужителот треба да вложи во секој од тужените правни лица не се прифатени од причини што судот навел дека тужителот постапувајки по договорот од 2004 година инвестирал, вложувал кај тужените кој што претставуват имот на другиот договарач Ристе Љуботенски. Точно е тоа дека во договорот не е наведено колку тужителот треба да вложи кај тужените правни лица но во случајот тој бара онолку колку што вложил и за тоа доставил докази.

Предмет на оценка на овој суд беа и жалбените наводи за тоа дека нејасно било како првостепениот суд утврдил дека тужителот станал содружник на 50% од уделите на двете тужени трговски друштва но истите не се прифатени од причини што од договорот од 2004 година склучен помеѓу тужителот и Ристе Љуботенски како сопственик на капитал во кој што влегувааат и сега тужените произлегува дека договорот помеѓу нив бил тужителот да уплати 50% од вредноста на капиталот и со тоа да стане сопственик на 50% од имотот на двете тужени трговскси друштва. Дали тужителот уплатил 50% од вредноста на капиталот на тужените е ирелевантно за одлучување во овој спор од причини што тој од тужените го бара износот кој што го вложил кај нив врз основа на договорот склучен со сопственикот на тужените Ристе Љуботенски.

Жалбените наводи по однос на тоа дека првостепенииот суд во обжалената пресуда не навел зошто го прифатил извештајот за констатирана состојба а не го прифатил доставеното вештачење од вешто лице др.Јанка Димитрова се оценети како неосновани бидејки првостепениот суд во својата пресуда по однос на овие околности навел причини.

Наодот и мислењето од 09.07.2015 година изготвени од бирото за судски вештачења не е прифатен како доказ, бидејки не е доставен во фаза од постапката како што тоа е предвидено во чл.235 од ЗПП.

Жалбените наводи по однос на тоа дека судот немал доволно причини зошто не го прифатил приговорот за застареност се оценети како неосновани, бидејки првостепениот суд во својата одлука навел причини зошто не го прифатил тој приговор а самиот суд прифатил дека со дејствија преземени во 2008 година од страна на тужителот за реализирање на договорот од 2004 година настапил прекин на застареноста.

Неосновани се жалбените наводи на жалителот за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба. Ова од причина што по оценка на Апелациониот суд фактичката состојба е правилно и целосно утврдена, истата содржи образложени причини за решителните факти од кои се раководел првостепениот суд и се темели на изведените и правилно ценети докази во текот на постапката, па како таква овој суд во целост ја прифаќа онака како што е утврдена во првостепената пресуда.

Првостепениот суд врз основа на изведените докази утврдил дека тужителот е стопанственик од Москва - Руска федерација, дека тој и

законскиот застапник на второтужениот Ристе Љуботенски на 13.11.2004 година склучиле договор за деловно техничка и финансиска соработка и истиот го завериле кај нотар Ленче Каранфиловска од Штип, по УЗП.бр. 5958/4 на 13.11.2004 година. Првостепениот суд утврдил дека тужителот платил на Италијанска компанија 508.712 евра за опрема и машини и дека тие биле испорачани и оставени кај Имако вино во Македонија.Утврдил дека тужителот вршел плаќања и преку Бугарска фирма ПИМ Бугарија во износ од 683.341 евро, од каде што била купена опрема од тужителот за тужените. како фирми во сопственост на договарачот Ристе Љуботенски. Судот утврдил дека плаќањата тужителот ги извршил со негови сопствени средства. Утврдил дека како резултат на вложувањата на тужителот финансиската состојба на тужените се подобрила и тие станале успешни друштва. Вложувањата во машини и опрема за производство на тужените било констатирано од извештајот за констатирана состојба на економско правното биро компанија НМ Скопје, од 10.10.2013 година, каде што биле констатирани вкупните вложувања опрема за производство на вино и дека тие биле платени од страна на тужителот. во вкуипен износ од 1.915.158,оо денари.

Понатаму првостепениот суд утврдил дека Ристе Љуботенски како договарач во договорот за деловно техничка соработка од 2004 година наместо да постапи по договорот и да го исполни својот дел од обврската од тој договор изготвил документација според која тужителот пристапува со 49% во вкупниот основачки влог. Утврдил дека тужителот во повеќе наврати барал да му бидат доставени извештаи за потрошени средства, но никогаш не добил такви извештаи, па поради тоа тужителот побарал објаснувања од Ристе Љуботенски за работата на фирмите и откако не добил податоци за тоа побарал помош од адвокат и на крајот ја поднел тужбата по која што е заведен овој предмет за да си го врати она што го вложил кај тужените.

На утврдената фактичка сотојба првостепениот суд правилно го применил материјалното право кога одлучил како во изреката на обжалената пресуда.

Правилно се применети одредбите од членовите 11 ст.1., 251 и 141 ст.1. од ЗОО.Судот утврдил дека тужените во извршувањето на своите обврски не постапувале со внимание кое се барало во правниот промет и не го почитувале договорот склучен помегу нивниот основач и сопственик Ристе Љуботенски и сега тужителот. Утврдил дека тужителот вложил средства кај тужените, дека за возврат не добил ништо и поради тоа тужените имаат обврска да му го платат дадениот износ.

Овој суд при одлучувањето ги имаше во предвид и напатствијата и укажувањата дадени од Врховен суд на Република Северна Македонија во решението Рев.2.бр. 463/2019 од 27.01.2021 година, по однос на лигитимацијата на тужителот и тужените, по однос на воспоставдениот правен однос помегу тужителот и Ристе Љуботенски како сопственик на капиталот наведен во чл.1. од договорот, како и по однос на течењето на роковите за застареност на побарувањето на тужителот, и истите ги прифати 8и одлучи како во изреката.

На ден 09.04.2021 година, во Апелационен суд Штип од полномошникот на тужените доставен е поднесок со кој што е доставено и решение за бришење на второтужениот од трговскиот регистар.

Овој поднесок Апелациониот суд не можеше да го земе во предвид при одлучувањето, бидејќи се работи за доказ кој што е предложен и доставен во роковите што се надвор од роковите предвидени во ЗПП, како рокови во кој може да се предлагаат и доставуваат докази. Од друга страна пак до колку

настанале услови за прекин на постапката второстепениот суд при одлучувањето по жалба на нејавна седница без расправа нема пречки да донесе одлука по жалбата иако настанала некоја причина за задолжителен прекин од чл.200 од ЗПП.

Согласно чл.148 и 149 од ЗПП, овој суд ги задолжи тужените на тужителот на име трошоци на постапката да му платат вкупно 271.875,.оо денари од кои 132.000,оо денари трошоци за ревизијата изјавена против пресудата на Апелациониот суд Штип ГЖ.бр. 380/16 од 23.12.2016 година, и тоа износ од 36.000,оо денари за состав на ревизијата, кој износ е побаран со поднесената ревизија и износ од 96.000,оо денари за судска такса за одговор на ревизија. Останатите 139.875,оо денари се трошоци за ревизијата изјавена против пресудата на овој суд ГЖ.бр. 179/19 од 09.07.2019 година и од нив 43.875,оо денари се за состав на ревизијата со зголемување 50% за правен лек, 30% паушал, 25% за уште еден тужен, и зголемување од 100% за странец, износ од 96.000,оо денари, на име судска такса за ревизија.

За разликата до бараните 195.403,оо денари по втората ревизија барањето на тужителот е одбиено бидејки не е во согласност со Тарифата за награда и надоместок на трошоците за работата на адвокатите.

Согласно чл.160 од ЗПП, овој суд ги задолжи тужените на име дополнителни трошоци за одговор на жалба на тужителот да му платат износ од 40.146.000,оо денари, од кои 16.146,лоо денари за состав на одговор на жалба и 24.000,оо денари судска такса за одговор на жалба.

Од погоре наведеното, а согласно чл.357 од ЗПП, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД – ШТИП, 03.06.2021 год.

Претседател на советот,
Сузана Здравева с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува

Управител на судската писарница,